АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 10-447/4
08 07 2024 год.-Vit
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), Претседателот на Советот на експерти донесе:

## РЕШЕНИЕ

1. Барателот Скопје поднесе електронска форма на барање за информации од јавен карактер до Агенцијата за супервизија на осигурување, на ден 3.6.2024 година, број 10-2 447/1.
2. На поднесеното барање Агенцијата за супервизија на осигурување позитивно одговори и повратно достави одговор на барањето, електронски на е-маил на 11 јуни.
3. На 16 јуни барателот преку е-маил побара појаснување на што Агенцијата за супервизија на осигурување позитивно одговори и повратно достави одговор на барањето, електронски на е-маил на 17 јуни.

### *Образложение*

Во врска со Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесено од барателот
о кое се бара следната информација:

1) Какви мерки може да преземе Агенцијата за супервизија на осигурување кога по барање/приговор/претставка на осигуреник, корисник, оштетено трето лице и сл. ќе утврди повреда на законските и/или договорните права на овие лица од страна на одредена осигурителна компанија по полиса за осигурување, а со цел отстранување на повредата и заштита на нивните права?

2) Дали Агенцијата за супервизија на осигурувањето има донесено насоки, упатства или препораки за начинот на постапување на осигурителните компании при решавањето на оштетените барања на оштетените лица во кои се утврдени примери на добри деловни практики, принципи, навремено постапување по тие барања и избегнување на противречни одлуки кај различни компании во исти или слични ситуации во кои настанал осигурениот ризик, какви што имаат донесено на пример регулаторните тела на пазарот на осигурување во државите-членки на Европската Унија?

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

3) Доколку се донесени такви насоки, упатства или препораки од Ваша страна, Ве молам да ми доставите примерок од истите?

Во продолжение Ве известуваме за следното и доставуваме одговори по редослед:

Согласно Законот за супервизија на осигурување надлежно тело за пазарот на осигурување, а со тоа и за заштита на интересите на осигурениците е Агенцијата за супервизија на осигурување, која е основана како независно регулаторно тело кое во рамки на своите надлежности и овластувања се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на осигурување со цел заштита на правата на корисниците и сопствениците на осигурување. Како посебни контролни механизми во рамките на надлежностите на Агенцијата, а кои се определени во Законот ќе ги наведеме: Издава и одзема дозволи, согласности и лиценци; Спроведува супервизија над друштва за осигурување, осигурителни брокерски друштва, друштва за застапување во осигурување, банки кои вршат работи на застапување во осигурување, осигурителни брокери и застапници во осигурување, правни лица кои се поврзани со друштва за осигурување и Националното биро за осигурување; Изрекува мерки на супервизија во форма на наредби и решенија; Донесува подзаконски акти за спроведување на Законот за супервизија на осигурување, предлага измени и дополнувања на закони од областа на осигурувањето; Ги штити правата на потрошувачите и постапува по поднесени претставки од осигуреници, корисници на осигурување и трети оштетени лица; Поттикнува развој и раст на пазарот на осигурување преку развивање на свеста на јавноста за улогата на осигурувањето, врши активности на финансиска едукација и финансиска инклузија, одржува стабилност на осигурителниот пазар и придонесува за јакнење на довербата на јавноста; Соработува со релевантни домашни и странски институции и тела.

1. Агенцијата за супервизија согласно своите надлежности добива и ги анализира приговорите од осигурениците за работењето на друштвата за осигурување и другите субјекти на супервизија. Доколку при вонтеренската супервизија и анализа на приговорите се констатира дека субјектот на супервизија ги повредува законските обврски и/или договорните права меѓу друштвото за осигурување и осигуреникот, тогаш согласно Законот за супервизија на осигурување (ЗСО), подзаконските акти и интерните процедури, Агенцијата ги презема следните чекори:

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

1.1. Изготвување на вонтеренски записник или доколку е потребна теренска проверка иницира измена на постојниот Теренски план за супервизија или ја планира теренската супервизија за следната година,

1.2. Во случај на наоди со записник, Агенцијата изготвува супервизорски мерки согласно Законот за супервизија на осигурување (членови 164, 165 и 167), и тоа:

- наредба за отстранување на незаконитости;
- одредување на дополнителни мерки;

1.3. Во случај на утврдени прекршочни одредби за констатираните незаконитости, се изрекува прекршочна казна дефинирана во Законот за супервизија на осигурување (ЗСО) и/или Законот за задолжително осигурување на сообраќајот(ЗЗОС).

2. Дополнително, покрај одредбите од ЗСО и ЗЗОС, Агенцијата за супервизија на осигурување има донесено насоки и препораки за постапување од страна на друштвата за осигурување при решавање на барања на оштетените лица и тоа:

2.1. Правилник за минимални барања за прием, обработка, резервација и исплата на барање за надомест на штета и/или осигурен износ во функција на подобра заштита на правата на осигурениците (објавен тука, https://aso.mk/pravilniczi/#1556790121268-a80c6dfc-26d6

2.2. Правилник за начинот на постапување по претставки поднесени до Агенцијата за супервизија на осигурување од осигурениците, од корисниците на осигурување и од трети оштетени лица, објавен тука https://edukacija.aso.mk/%d0%bf%d0%be%d0%b4%d0%bd%d0%b5%d1%81%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d1%82%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%b2%d0%ba%d0%b0/

Во насока на поголема заштита на осигурениците и корисниците на осигурителни производи, Агенцијата континуирано на својата интернет страница www.aso.mk објавува Упатства и Циркулари, а дел од нив се однесуваат и за начинот на одлучување по барање за штети (пр. циркуларен допис-Европски извештај и мала материјална штета, препорака за измена на услови за моторно осигурување-каско, препораки и насоки за подобрување, циркулар-примена на процедури и принципи при прием во осигурување-живот, објава на општи и посебни услови, циркуларен допис – договори за осигурување со вклучен ризик смрт како

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

последица на болест, став на АСО-склучување на договори за осигурување со вклучен ризик смрт како последица на болест, континуитет во осигурување и др.), сите објавени на интернет страницата на АСО, https://aso.mk/category/regulativa/upatstva/ https://aso.mk/category/regulativa/obrsci-i-cirkulari/

Заштитата на осигурениците се постигнува и преку известувањата согласно членот 163 од Законот кои друштвата за осигурување се должни да ги достават до Агенцијата, а кои вклучуваат воведување нови производи, промена во тарифи на премии и услови и сл.

Исто така, АСО во рамки на своите надлежности спроведува бројни активности во насока на зајакнување на финансиската едукација на осигурениците како алатка за поголема заштита на нивните права и интереси.

https://edukacija.aso.mk/

3. Сите законски и подзаконски акти, упатства и насоки, циркулари и ставови се објавени на интернет страницата на АСО (www.aso.mk).

Во врска со барањето за појаснување поднесено на 16 јуни, Агенцијата за супервизија на осигурување одговори на 17 јуни и даде појаснување на дополнително поставените прашања (прилог кон ова решение), како што следи во продолжение:

Меѓутоа, во чл.160 ст.1 т.1 е предвидена и

„Дополнителна супервизија секогаш кога ќе се оцени дека тоа е во интерес и за заштита на правата на осигурениците". Следствено, дали ова значи дека ако добие барање/претставка/приговор од осигуреник (или група осигуреници) Агенцијата ќе изврши ваква дополнителна супервизија заради заштита на нивните права?

Да, доколку од постапувањето по претставките се утврди/произлезе непочитување на регулативата

- АСО може вонтеренски или преку теренска проверка да постапи.

Понатаму, во чл.5 од Вашиот Правилник за постапување по претставки поднесени до Агенцијата...

(достапен на линкот: https://edukacija.aso.mk/wp-content/uploads/2015/12/Pravilnik_pretstavki-175-2011.pdf) стои:

во ставот 4): Агенцијата ја разгледува претставката и на подносителот на претставката му доставува писмен одговор во рок од 30 дена од денот на прием на претставката.

во ставот 5): доколку Агенцијата оцени дека тоа е во корист на решавање на претставката, може да побара соочување на засегнатите страни со цел, по пат на меѓусебно договарање страните да пронајдат решение кое ќе ги задоволи взаемните во врска со основот на претставката.

Молам да ми појасните дали ваквата формулација во Правилникот е пречка Агенцијата да донесува наредби за отстранување на незаконитостите и одредување на дополнителни мерки согласно членовите 164, 165 и 167 од Законот за супервизија на осигурувањето и да изрекува прекршочни казни/глоби пропишани со истиот Закон?

Не

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Против ова Решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на прием на решението, до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ЕКСПЕРТИ**
Крсте Шајноски

Изработил: Ратка Целаковски